**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

28 Јуни 2019 година, Гевгелија    Број 6    Година XXXIX

Врз основа на член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.) и член 26 од Статутот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, а во врска со член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 год.) и член 116 став (1) алинеа 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15........198/18 и 104/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.06.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"–Гевгелија заведен под бр.01-126/6 од 05.10.2015 година, донесен од Управниот одбор на јавната општинска установа под бр.02-137/2 од 13.06.2019 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1045/1
27.06.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Ташко Дојчинов с.р.**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), и член 26 од Статутот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, а во врска со член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 год.) и член 116 став (1) алинеа 8 од Законот за заштита на децата ( "Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15........198/18 и 104/19 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.06.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за систематизација на на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија, донесен од Управниот одбор на јавната општинска установа под бр.02-137/5 од 13.06.2019 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1046/1
27.06.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 година, и "Службен весник на РСМ" бр.104/19год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца од 2019 година под бр.45-4384/1 од 18.06.2019 година, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.06.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
### За утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година

**Член 1**

Максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за периодот од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.06.2019 година.

Бр.09-1047/1
27.06.2019год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

## СОДРЖИНА

1.Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија ........ 424

2.Решение за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" - Гевгелија ........ 424

3.Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година ........ 425

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија